**Д-р Марјан Габеров**[1]

# СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ВРЗ ДЕЦА ВО КОНТЕКСТ НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО

**1.04 Стручна статија**

**УДК 364.63-027.553-053.2**
**343.62-053.2**
**341.231.14-053.2(094.2)**

**Апстракт**

*Во зависност од критериумот спрема кои лица се случува семејното насилство, може да се сретнат следните облици на семејно насилство: семејно насилство помеѓу интимните партнери (семејно насилство врз жени и семејно насилство врз мажи), семејно насилство врз стари лица и семејно насилство врз деца. Последиците што настануваат од кој било облик на семејно насилство покажуваат голема сериозност, па потребно е преземање конкретни чекори во насока на сузбивање на различните облици. Посебно внимание во рамките на различните облици на семејното насилство привлекува семејното насилство врз деца поради тоа што како негови жртви се јавуваат децата – најранливата категорија.*

**Клучни зборови:** деца, семејство, насилство, последици, жртви.

## 1. Вовед

Во рамките на семејството, покрај семејното насилство помеѓу интимните партнери и семејното насилство врз старите лица, се случува и семејното насилство врз децата. Семејното насилство врз децата го претставува третиот облик на семејно насилство во вкупното разгледување на феноменот на семејно насилство. Како сторител на овој вид

[1] Доцент на Факултетот за правни науки, Европски универзитет – Скопје.

семејно насилство може да се појави кој било член на потесното или поширокото семејство, додека, пак, од друга страна, како жртви на овој вид насилство може единствено да се појават децата.

Уште во текот на 80-тите години, од страна на Националниот центар за злоупотреба и занемарување на децата се востановени неколку основни типови злоупотреба или негрижа за децата, кои според своите карактеристики означуваат семејно насилство врз оваа категорија лица. Така, во оваа смисла, утврдени се физичката злоупотреба, сексуалната злоупотреба, емоционалната злоупотреба, образовното занемарување, физичкото занемарување и емоционалното занемарување.[2]

Семејното насилство врз децата, како класична злоупотреба на моќта и како деструктивен облик на комуницирање и на неконтролирано однесување, а кој се манифестира преку физичко и психичко нарушување на интегритетот на детето, претставува сериозен проблем на целокупното општество. Семејното злоупотребување и семејното занемарување на децата претставуваат појави што на индивидуален, семеен и социо-културен план оставаат трајни последици.

Семејното насилство, во кое жртви се децата, најчесто се поврзува со универзално признаените права и слободи на детето, како посебна категорија, како лица што се најнежен, најзагрозен, најзапоставен и, секако, најслабо заштитен дел од човештвото. Токму поради овие лични карактеристики на децата од биолошка и физичка природа, тие често стануваат жртви на различен вид криминалитет, вклучувајќи го и нивното појавување како жртви на семејното насилство.[3]

## 2. Облици на злоупотреба на децата при извршувањето семејно насилство

Физичката злоупотреба на децата, која се извршува во рамките на семејното насилство врз оваа категорија лица, вклучува различни модалитети и начини на нејзино

---

[2] Study of National Incidence and Prevalence of Child Abuse and Neglect, National Center on Child Abuse and Neglect, 1988.

[3] Бачановиќ, Оливер, „Децата – жртви на семејно насилство", Правата на детето, Здружение за заштита на правата на детето, Скопје, 1999 г., стр. 48-49.

извршување. Како најчесто застапени типови повреди што може да настанат како резултат на физичката злоупотреба на децата се следниве: црвенила, помали или поголеми модринки на телото, отпечатоци од раце, скршеници, влечење на косата и сите останати дејствија што доведуваат до нарушување на физичкото и телесното здравје на детето. Во овој дел, во рамките на физичката злоупотреба на децата, треба да се потенцира и предизвикување смрт на децата како резултат на некој претходен вид физичко насилство од помал или поголем интензитет.[4]

Како сексуална злоупотреба на децата се определува секоја сексуална активност со детето за која не постои согласност од самото дете или детето воопшто не може да ја даде својата согласност, односно согласноста на детето е неважна било поради когнитивните околности, емоционалната стабилност, социјалната зрелост или незрелост на детето, било поради самите законски ограничувања. Треба да се има предвид фактот дека и дадената согласност од страна на детето не ја исклучува одговорноста на сторителот.

Како најчести акти на сексуална злоупотреба на децата во рамките на семејството се среќаваат силувањето, присилувањето на детето за остварување вагинален, анален или орален однос, изразувањето сексуални страсти и побуди, допирањето, користењето на детето за мастурбација, актите на воајеризам, егзибиционизам, и тоа со една единствена цел – насилникот да обезбеди задоволување на своите сексуални страсти. Според својата појавност, сексуалната злоупотреба на децата претставува облик на криминалитет што има транснационални карактеристики, појава што не ги познава државните граници и појава што од ден на ден сè повеќе се интернационализира.[5]

Емоционалната злоупотреба на децата, за разлика од физичката злоупотреба, се разликува според тоа што таа не е видлива со голо око, како што е случај кај физичкото злоупотребување. Овој вид злоупотреба не претставува изолиран настан или изолиран инцидент, туку константни и постојани непримерни форми на однесување кон детето. Постојат најразлични начини преку кои детето може да биде емоционално

---

[4] Спасова, Лидија, „Физичка злоупотреба на деца (тепање), како начин на воспитување“, авторизиран текст, ПЗУ Ре-Медика, Скопје, 2012, стр. 1-2.

[5] Pavlovic, Zoran, “Krivicnopravno reagovanje na seksualno nasilje nad decom”, Nasilje u Srbiji – uzroci, oblici, posledice I drustvene reakcije, Tom 2, Kriminalisticko – policijska akademija, Beograd, 2014 god., стр. 12.

злоупотребувано, како што се постојаните закани за физичко насилство и физичко казнување, недавање поддршка од страна на родителите, употреба на голема вербална агресија, постојано понижување на децата за постигнатите резултати во училиштето, се негираат сите способности и таленти на децата, се врши ограничување на слободата на детето и се ограничува неговото движење, постојат закани дека детето ќе биде отфрлено од страна на родителите и ќе биде напуштено.[6]

Образовното занемарување на детето, пред сè, претставува негово невклучување во редовниот образовен процес – дејствија од страна на родителите што му овозможуваат на детето огромна слобода во насока на постојано скитање и талкање, постојано безделничење. Како акти на образовно занемарување на детето се сметаат и оние ситуации во кои детето е воведено во образовниот процес, но изостануваат поддршката и помошта од страна на своите родители за совладување на образовното градиво, како и необезбедувањето на основните материјали што се неопходни во наставно-научниот процес, со еден збор – занемарените деца се препуштени сами на себе.[7]

Физичкото занемарување на детето опфаќа активности и акти што не се преземаат од страна на родителите, а се во насока на зачувување на неговото здравје и на обезбедувањето правилен развој, како што се необезбедувањето здравствена заштита кога е потребна, здравствена заштита што му се обезбедува на детето, но во подоцнежни и задоцнети стадиуми, несоодветен надзор и воспитување, протерување на детето од домот, неводење грижа околу исхраната на детето и сл.[8] Кај овој вид занемарување на детето, всушност, постои необезбедување на основните потреби за живот и развој на детето.

Емоционалното занемарување на децата претставува последниот облик на занемарување што се појавува во рамките на семејното насилство врз децата. Емоционалниот вид занемарување на детето може да има сериозни последици по психичкото здравје на детето, по физичкото и телесното здравје на детето, како и за

---

[6] http://www.helpguide.org/articles/abuse/child-abuse-and-neglect.htm

[7] Зенговска, Јана, „Моќта на родителите“, Водич за родители, Прва детска амбасада Меѓаши, Скопје, 2016 г., стр. 11-12.

[8] Груевска-Дракулевски, Александра, „Семејното насилство во Република Македонија“, Превенција и заштита од сите форми на насилство врз жените и домашно насилство – Истанбулска конвенција, Македонска ревија за казнено право и криминологија, Здружение за кривично право и криминологија, год. 20, бр. 1, Скопје, 2013 г., стр. 124.

неговиот целокупен емотивен развој. Како резултат на ваквиот вид занемарување може да се појават последици, како што се бавното учење на најосновните активности – одењето на детето и зборувањето, може да се создаде проблем со исхраната на детето, проблеми околу нормалниот раст, проблеми со задржувањето и одржувањето на концентрацијата и вниманието, остварување лоши резултати во училиште и неможност нормално да се вклучи во образовниот процес.

Во рамките на едно семејство за кое е карактеристично нарушување на односите во него, детето не ја добива потребната и неопходна грижа за негов нормален развој, а многу често тоа се појавува и како жртва на насилно однесување во семејството.[9] Неводењето грижа за правилниот развој на детето, неводењето грижа за правилното воспитување на детето и негово подготвување за контакт со пошироката јавност, овозможувањето користење дрога, алкохол или некои други пороци, непосветувањето внимание на детето, необезбедувањето психолошка и стручна помош кога навистина му е потребна на детето се само дел од начините на кои се извршува овој вид занемарување на детето – емоционалното занемарување.[10] Правилното функционирање на семејството е од огромна важност за нормален развој на детето. Недоволното внимание што мора да му се посвети на детето во рамките на семејството, насилството што се случува во домот, без оглед на тоа дали станува збор за насилство помеѓу родителите на детето или за насилство во кое детето се појавува како негова жртва, претставуваат основа и лошо поведение за детето и за негово насилничко однесување во иднина.[11] Оваа значајност за правилното функционирање на семејството, односно на бракот за нормалниот развој на детето е утврдена и од страна на Елштејн и Џорџ, според кои потребен е висок степен на благосостојба во рамките на семејството сè со цел на детето да му се обезбедат позитивни примери на однесување, како и да се создадат услови за негов нормален развој.[12]

---

[9] Adzajlic – Dedovic, Azra, Sofradzija, Halima, Deljkic, Irma, Sadic, Sanela, Trbonja, Aldijana, "Nasilje u porodici – razvojna stdudija u Bosni I Hercegovini", Fakultet kriminalistickih nauka, Univerzitet u Sarajevu, Sarajevo, 2005 god., стр. 92.

[10] Gardner, Ruth, "Developing an effective response to neglect and emotional harm to children", University of East Anglia and The National Society for the Prevention of Cruelty to Children, Oxford, 2008, стр. 6-9.

[11] Јованова, Наташа, „Насилството меѓу децата и младите во училиштето (bullying)", Годишник на полициската академија, Полициска Академија – Скопје, Скопје, 2007/2008 г., стр. 136.

[12] Елштејн, Џин, Џорџ, Роберт, „Значењето на бракот – семејството, државата, пазарот и моралот", Арс Ламина, Скопје, 2013 г., стр. 198.

## 3. Конвенција за правата на детето и семејното насилство

Конвенцијата за правата на детето е донесена од страна на Генералното собрание на Организацијата на Обединетите нации во 1989 година, која влегла во сила една година подоцна, во 1990 година.[13]

Според својата правна природа и според своите карактеристики, Конвенцијата претставува базичен документ од меѓународно-правна природа, кој ја гарантира заштитата на децата во универзални рамки. Неколку основни принципи и постулати се прокламирани и се истакнуваат во нормативниот дел на Конвенцијата, како што се забраната за дискриминација на децата по кој било основ, правото на живот на децата како нивно основно човеково право, остварувањето на најдобрите можни интереси на детето, развојот на децата, како и почитувањето на нивните ставови. Одредбите од оваа Конвенција не се однесуваат директно на проблематиката на семејното насилство, но сепак, таа на еден индиректен, посреден начин има значајна улога за влијанието на семејното насилство врз децата како негови жртви.[14] Со помош на оваа Конвенција, во светски и во глобални рамки, се дефинираат принципи и норми за децата што имаат универзален карактер и се применливи во рамките на сите општества.[15] Како што истакнува Драшкиќ, Конвенцијата за правата на детето, за оваа ранлива категорија лица треба да обезбеди мир, човеково достоинство, висок степен на толеранција, остварување на слободата без никакви

[13] Convention on the Rights of the Child, United Nations, 1989.
[14] Hammarberg, Thomas, "Human rights in Europe: no grounds for complacency", The Council of Europe Publishing, Strasbourg, 2011, стр. 134.
[15] Пирковска-Змијанац, Гордана, „Улогата на НВО и Македонската национална коалиција за заштита на правата на детето во имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето", Правата на детето, Здружение за заштита на правата на детето, Скопје, 1999 г., стр. 21.

ограничувања, висок степен на почитување на принципот на рамноправност, како и солидарност со останатите членови во рамките на општеството.[16]

Конвенцијата за правата на детето содржи сет на права преку кои се обезбедуваат минимум заштита и минимум стандарди за правилен развој на децата, кои треба да бидат обезбедени од страна на државите. Оваа заштита на децата треба да биде обезбедена во рамките на здравствениот систем, во рамките на образованието на децата, во правните односи, како и во рамките на социјалните услуги за децата.

Конвенцијата за правата на детето од 1989 година на Обединетите нации структурално е составена од преамбула, која го претставува воведниот дел на Конвенцијата и вкупно 54 членови во кои се предвидуваат сите права за децата, преку кои се очекува да се оствари максимална заштита на оваа ранлива категорија лица во универзални рамки. Според мислењето на Ортаковски, правата што се предвидени во рамките на Конвенцијата од аспект на околностите на кои се однесуваат може да се категоризираат во пет посебни групи. Првата група се однесува на права на децата што се од економски карактер или економските права на децата, втората група ги покрива правата на децата што се однесуваат на социјалата и културата, или социјалните и културните права на децата, третата група го опфаќа сетот на граѓански и политички права на децата, четвртата група ги опфаќа правата на децата што влегуваат во делокругот на малолетничкото судство и петтата или последна група на права на децата се нивните хуманитарни права.[17]

Во членот 1 од Конвенцијата се дава дефинирање на поимот дете, па така според нормативниот текст на Конвенцијата, за дете се смета секое човечко суштество што не навршило 18-годишна возраст.[18] Од ова генерално правило дека под поимот деца се опфатени сите лица што немаат навршено 18-годишна возраст постои исклучок што предвидува можност врз основа на законските прописи полнолетството да се стекне порано,

[16] Draskic, Marija, “Jugoslavija i Konvencija Ujedinjenih Nacija o pravama deteta”, Beogradski centar za ljudska prava, Beograd, 1997 god., стр. 60-64.
[17] Ортаковски, Владимир, „Правата на детето според меѓународната регулатива, посебно во Конвенцијата за правата на детето“, Правата на детето, Здружение за заштита на правата на детето, Скопје, 1999 г., стр. 12-13.
[18] Article 1 of the Convention on the Rights of the Child, United Nations, 1989.

како што е примерот за еманципирање на способноста на малолетникот за склучување брак по претходно дадена согласност од родителите и мислење од здравствена установа.

Членот 2 од Конвенцијата за правата на детето се однесува на забраната на дискриминација при примената и обезбедувањето на сите права што се предвидени во рамките на Конвенцијата, без разлика на расата, полот, бојата на кожата, јазикот, вероисповедта, политичкото убедување, националното потекло, социјалното потекло, етничкото потекло, имотната состојба, неспособноста на детето, раѓањето или некој друг статус или околност на детето или на негов родител или старател.[19]

Според својата суштина, овој член ја нагласува потребата од активна обврска на државата за превенција на децата од дејствија на дискриминација, како и потребата од воспоставување мерки што вклучуваат ревидирање на законската регулатива во насока на подобрување на состојбите, стратешко планирање, постојано следење и мониторирање на процесите, зголемување на свесноста на граѓаните за значењето на заштитата и остварувањето на правата на децата, подобрување на системот на образование, пропагандни кампањи во насока на остварување на најдобрите можни интереси на детето, како и оценување на преземените мерки и активности.[20]

Во насока на остварување на најдобрите можни интереси на децата и нивната максимална заштита и почитување на нивните права е и членот 3 од Конвенцијата за правата на детето, според кој овој најдобар интерес на децата претставува императив за сите чинители во општеството, без оглед на тоа дали станува збор за социјални власти, јавни власти, приватни институции, административни тела или законодавни тела.[21]

Од посебно значење за феноменот на семејното насилство во рамките на Конвенцијата за правата на детето е членот 16.[22] Согласно овој член, експлицитно се наведува дека ниедно дете нема да биде изложено на самоволно или незаконито мешање во

---

[19] Article 2 of the Convention on the Rights of the Child, United Nations, 1989.
[20] Давитковски, Борче, Бужаровска, Гордана, Калајџиев, Гордан, Мицковиќ, Дејан, Груевска-Дракулевски, Александра, „Компаративен преглед на законодавството во Република Македонија и Конвенцијата за правата на детето", Министерство за правда на Република Македонија, 2010 г., стр. 21.
[21] Article 3 of the Convention on the Rights of the Child, United Nations, 1989.
[22] Article 16 of the Convention on the Rights of the Child, United Nations, 1989.

неговата приватност, семејството, домот, преписката, како и фактот дека тоа нема да биде изложено на незаконити напади на штета по неговите чест и углед.

Членот 16 од Конвенцијата за правата на детето може да се доведе во контекст со членот 19 од истата Конвенција,[23] според кој државите потписнички се обврзуваат да ги преземат сите законодавни, административни, социјални, како и образовни мерки во насока на остварување заштита на детето од сите облици на ментално, физичко и сексуално насилство. Секој од овие посебни видови насилство врз детето може да резултира со негово повредување, со злоупотреба на детето, негово занемарување, немарен однос кон детето, дејствија што значат малтретирање на детето, постојана експлоатација на детето и негово искористување, и тоа во време кога за детето се грижат неговите родители, старатели или кое било друго лице на кое му е доверено детето на чување и воспитување. Во истиот член се потенцира и потребата мерките за заштита на детето неопходно да ги вклучат во себе и програмите за социјална безбедност на децата, како и обезбедување поддршка на децата во целокупниот систем на остварување заштита на оваа категорија лица.

Во насока на целосно остварување на овој член во Република Северна Македонија, неопходно е постојните законски прописи доследно да се применуваат, како и да се врши постојано следење на состојбите за подобрување на законските решенија во предметната област, да се изработи сеопфатна студија за насилство врз децата во државата со посебен акцент на сексуалното насилство, да се подигне свеста кај сите лица во општеството за значењето на правилниот развој на децата и др.

Следен член од Конвенцијата за правата на детето што на посреден начин се однесува на семејното насилство е членот 32.[24] Во рамките на овој член се забранува секаков вид економска експлоатација на децата, која може да му наштети на самиот развој на детето, на неговото образование, на неговото здравје и сл. Во оваа смисла, државите членки се обврзани да преземат голем број мерки и активности во насока на остварување на ова право на децата, пред сѐ, законски да ја утврдат минималната возраст за вработување на детето и негово стапување во работниот процес, работното време да го приспособат на

[23] Article 19 of the Convention on the Rights of the Child, United Nations, 1989.
[24] Article 32 of the Convention on the Rights of the Child, United Nations, 1989.

потребите и спецификите на детето што ги извршува работните обврски, но и да се воспостават соодветни механизми за ефикасно применување на овој член.

Членот 34 од Конвенцијата за правата на детето се осврнува на заштитата на децата од сексуалното насилство, воопшто, вклучително и од сексуалното насилство во рамките на семејството.[25] Во оваа насока, членот 34 од Конвенцијата се поставува заштитнички кон децата и кон нивната заштита од сите облици на сексуално искористување и сексуално малтретирање. Како и остварувањето на останатите права од оваа Конвенција, и правото предвидено во рамките на членот 34 бара определени активности од страна на државата, како што се спречувањето на сите активности и дејствија што значат учество на децата во актите на проституција, забраната за искористување на децата за порнографски цели, како и забраната за која било принуда на детето за негово учество во некоја недозволена акција.

Во насока на заштита на детето од актите на насилство, како и од актите на насилство во семејството е и членот 37 од Конвенцијата за првата на детето, според кој сите држави членки и потписнички на Конвенцијата се обврзуваат дека ќе обезбедат услови во кои ниту едно дете нема да биде подложено на мачење или на некој друг вид нехуман третман или негово казнување.

Основниот текст на Конвенцијата за правата на детето вклучува и два Факултативни протоколи, и тоа, Факултативниот протокол на Конвенцијата за правата на детето за учество на децата во вооружените судири усвоен од Генералното собрание на Организацијата на Обединетите нации во 2000 година, кој се применува од 2002 година,[26] како и Факултативниот протокол на Конвенцијата за правата на детето за продажбата на деца, детската проституција и детската порнографија, усвоен од Генералното собрание на Организацијата на Обединетите нации во 2000 година, кој се применува од 2002 година.[27]

Од наш непосреден интерес е токму Факултативниот протокол на Конвенцијата за правата на детето за продажбата на децата, детската проституција и детската порнографија,

---

[25] Article 34 of the Convention on the Rights of the Child, United Nations, 1989.
[26] Optional Protocol to the Convention on the Rights of the Child on the involvement of children in armed conflict, United Nations, 2000.
[27] Optional Protocol to the Convention on the Rights of the Child on the sale of children, child prostitution and child pornography, United Nations, 2000.

кој се усвојува како резултат на зголемениот промет на децата за целите на нивна продажба, нивно искористување за детска проституција, како и злоупотреби во порнографски цели. Семејството, како една општествена група, е детектирано како едно од можните сторители на овие забранети дејствија, преку што доаѓа до сторување насилство врз сопствените деца и до целосно нарушување на физичкиот и моралниот интегритет на децата.

## 4. Заклучок

Семејното насилство врз деца претставува проблем за секоја држава без исклучок, па токму затоа е потребно да се преземат конкретни мерки и активности за спречување на оние дејствија што значат сторување на овој облик на семејно насилство. Дополнителен мотив за конечно разрешување на проблемот со семејното насилство врз децата, на меѓународно и на национално ниво, се последиците што настануваат за оваа најранлива категорија во општеството – децата (последици од биолошка природа, психолошка, социјална, интелектуална, културна, образовна и сл.). Многу значајно во разрешувањето на проблемот со семејното насилство врз децата е неговото третирање од страна на целокупното општество. Конкретно, потребно е семејното насилство да не се третира единствено како настан што се случува во рамките на семејството, туку напротив, семејното насилство врз децата претставува општествен проблем и на тој начин мора да биде разгледуван и анализиран сѐ со цел да се изнајдат соодветни решенија.

## Користена литература


1) Adzajlic-Dedovic, Azra, Sofradzija, Halima, Deljkic, Irma, Sadic, Sanela, Trbonja, Aldijana, “Nasilje u porodici – razvojna stdudija u Bosni I Hercegovini”, Fakultet kriminalistickih nauka, Univerzitet u Sarajevu, Sarajevo, 2005 god., стр. 92
2) Бачановиќ, Оливер, „Децата – жртви на семејно насилство“, Правата на детето, Задржение за заштита на правата на детето, Скопје, 1999 г., стр. 48-49

3) Gardner, Ruth, "Developing an effective response to neglect and emotional harm to children", University of East Anglia and The National Society for the Prevention of Cruelty to Children, Oxford, 2008, стр. 6-9
4) Груевска-Дракулевски, Александра, „Семејното насилство во Република Македонија", Превенција и заштита од сите форми на насилство врз жените и домашно насилство – Истанбулска конвенција, Македонска ревија за казнено право и криминологија, Здружение за кривично право и криминологија, год. 20, бр. 1, Скопје, 2013 г., стр. 124.
5) Давитковски, Борче, Бужаровска, Гордана, Калајџиев, Гордан, Мицковиќ, Дејан, Груевска-Дракулевски, Александра, „Компаративен преглед на законодавството во Република Македонија и Конвенцијата за правата на детето", Министерство за правда на Република Македонија, 2010 г., стр. 21
6) Draskic, Marija, "Jugoslavija i Konvencija Ujedinjenih Nacija o pravama deteta", Beogradski centar za ljudska prava, Beograd, 1997 god., стр. 60-64
7) Елштејн, Џин, Џорџ, Роберт, „Значењето на бракот – семејството, државата, пазарот и моралот", Арс Ламина, Скопје, 2013 г., стр. 198
8) Зенговска, Јана, „Моќта на родителите", Водич за родители, Прва детска амбасада Меѓаши, Скопје, 2016 г., стр. 11-12
9) Јованова, Наташа, „Насилството меѓу децата и младите во училиштето (bullying)", Годишник на полициската академија, Полициска Академија – Скопје, Скопје, 2007/2008 г., стр. 136
10) Ортаковски, Владимир, „Правата на детето според меѓународната регулатива, посебно во Конвенцијата за правата на детето", Правата на детето, Здружение за заштита на правата на детето, Скопје, 1999 г., стр. 12-13
11) Pavlovic, Zoran, "Krivicnopravno reagovanje na seksualno nasilje nad decom", Nasilje u Srbiji – uzroci, oblici, posledice I drustvene reakcije, Tom 2, Kriminalisticko – policijska akademija, Beograd, 2014 god., стр. 12
12) Пирковска-Змијанац, Гордана, „Улогата на НВО и Македонската национална коалиција за заштита на правата на детето во имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето", Правата на детето, Здружение за заштита на правата на детето, Скопје, 1999 г., стр. 21

13) Спасова, Лидија, „Физичка злоупотреба на деца (тепање), како начин на воспитување“, авторизиран текст, ПЗУ Ре-Медика, Скопје, 2012, стр. 1-2
14) Hammarberg, Thomas, “Human rights in Europe: no grounds for complacency”, The Council of Europe Publishing, Strasbourg, 2011, стр. 134
15) Study of National Incidence and Prevalence of Child Abuse and Neglect, National Center on Child Abuse and Neglect, 1988
16) Convention on the Rights of the Child, United Nations, 1989
17) Optional Protocol to the Convention on the Rights of the Child on the involvement of children in armed conflict, United Nations, 2000
18) Optional Protocol to the Convention on the Rights of the Child on the sale of children, child prostitution and child pornography, United Nations, 2000
19) http://www.helpguide.org/articles/abuse/child-abuse-and-neglect.htm

**Ass. Prof. Dr. sc Marjan Gaberov**[28]

# DOMESTIC VIOLENCE AGAINST CHILDREN IN THE CONTEXT OF THE CONVENTION ON CHILDREN'S RIGHTS


**Abstract**

Depending on the criteria against which individual domestic violence occurs, the following forms of domestic violence can be encountered: domestic violence between intimate partners (domestic violence against women and domestic violence against men), domestic violence against the elderly and domestic violence against children. The consequences of any form of domestic violence represent great seriousness, so it is necessary to take concrete steps to combat various forms. Special attention within the various forms of domestic violence attracts domestic violence against children, because the victims of it are the most vulnerable category.


**Keywords**: children, family, violence, consequences, victims.

[28] Assistant professor at the European University Republic of North Macedonia - Skopje, Faculty of Law.